Предмет: Доставување информации

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 00302-596/20 од 06.05.2020 година, ги доставуваме бараните информации:

- **Подзаконски акт со кој се уредува постапката за избор на директор**

Постапката за избор на директор е утврдена со Статутот на Национална установа Национална опера и балет Скопје (го доставуваме во прилог, во скенирана форма)

**Член 13**

(1) Директорот на Националната опера и балет се избира по пат на јавен оглас, што се објавува преку средствата за јавно информирање.

(2) Директорот на Националната опера и балет се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) Огласот за директор го распишува Министерството за култура, согласно со општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој Статут.

(4) Министерот за култура го избира и разрешува директорот на Националната опера и балет најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(5) Директор избран од редот на вработените лица во Националната опера и балет по истекот на мандатот или при престанок на мандатот, истиот се прераспоредува на работното место кое му мирува или на друго работно место соодветно на степенот на неговата стручна подготвка.

**Член 14**

(1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните општи услови утрдени со Законот за културата односно лицето треба:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од областа на хуманистички и општествени науки;
4) да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;

5) да има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
   - АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

(2) Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија бр. 11/18) до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

(3) На директорот кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во рокот утврден во став (2) на овој член му престанува мандатот.

- **Дали до сега сте имале вд директор, со колкав мандат, на кој начин е уредена постапката и дали е избран од кандидат од вработените во институцијата?**

Именувањето вршител на должноста директор е уредено со член 18 од Статутот на Националната опера и балет Скопје

**Член 18**

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура, именува вршител на должноста директор на Националната опера и балет без објавување на оглас, од редот на вработените на Националната опера и балет.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директор на Националната опера и балет.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на Националната опера и балет а најдолго за шест месеци.

Последен вршител на должноста директор во Националната опера и балет беше со мандат од 02.02.2018 до 03.08.2018 година.

- **Подзаконски акт со кој се уредува постапката за избор на членови на Управен одбор**
- **Колкав е број на членови во Управниот одбор**
- **Каков вид на образование имаат членовите во Управниот одбор**
- **Со кој акт е регулиран и како се определува висината на надоместокот на членовите на управниот одбор**

Согласно член 19 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет Скопје,

**Член 19**

(1) Орган на управување на Националната опера и балет е Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на Националната опера и балет го сочинуваат 5 преставници кои ги именува и разрешува министерот за култура, од кои двајца се преставници од редот на истакнати

поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца преставници од вработените на Националната опера и балет.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор на Националната опера и балет се именуваат за време од 4 години и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на Управниот одбор на Националната опера и балет им следува соодветен надоместок што го определува министерот за култура.

Поздрав,

Службено лице за посредување при остварување на правото
на слободен пристап до информации од јавен карактер
Офелија Џорлева

Директор
м-р Васо Ристов